Настасија Штерјова, дипломирана на отсекот политички науки и Мартин Николовски, магистар во областа на деловното право, изминативе **четири месеци** волонтираа во Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Тие имаа можност практично да го надополнат своето теоретско знаење од студиите, да видат како изгледа и активно да бидат вклучени во работата на една граѓанска организација.

Изминатиот период главно беа фокусирани на **следењето на локалните избори** во рамки на проектот „
Мојот избор
“ и анализираа голем број податоци за кандидатите за градоначалници и за членови на советите.

„За време на моето волонтирање во МЦМС **ја надоградив мојата организациска етика, ажурност, деловната комуникација, како и работата на повеќе задачи истовремено** “, рече Мартин.

Настасија, меѓу другото, како придобивка го издвои **начинот на кој функционира една одлична граѓанска организација** ,
особено нејзината внатрешната култура и процедурите.

По завршувањето на локалните избори, двајцата беа вклучени во **логистичка и административна поддршка**
на другите проекти во организацијата.

„Едно од искуствата кое вреди да се спомне е учеството на форумот за „ Соработка помеѓу новата Влада и граѓанскиот сектор во Македонија
“, кој се одржа во рамки на програмата
Цивика мобилитас
. Таму
имав можност да се запознаам со преку 150 претставници на граѓанскиот сектор кои ми помогнаа подобро да го разберам граѓанското општество,“- рече Мартин.

На идните волонтери Настасија им препорача да го искористат нивниот престој во МЦМС за да се вклучат во што повеќе активности и да ги искористат сите можности кои им се нудат бидејќи истите се **добра основа за градење на кариера**. „Сепак, **најголема вредност за мене има дружењето со прекрасниот тим на МЦМС и градењето нови пријателства**
“, додаде таа.

МЦМС ја спроведува програмата за волонтерство од 2008 година, а преку неа, **до сега биле поддржани вкупно 85 волонтери**
. Организацијата се гордее што може да им помогне на студентите во развојот на нивните вештини преку работа во рамки на проектите, како и да ја подигне свеста кај нив за важноста сите ние да бидеме активни членови на граѓанскиот сектор.